**ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС**

# Регистрација на домен и Хостинг

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



**Пишува:**
**м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**

Во најголемиот број случаи, започнувањето на интернет- бизнис подразбира изработка на сопствена веб-страница. За да биде страницата достапна на интернет- посетителите, треба да се постави на сервер (хостинг) и треба да и се додели конкретна веб-адреса, т.е. домен. Никогаш не било полесно и поевтино да се регистрира домен и да се обезбеди хостинг, како што е тоа во денешно време.

Прво што треба да направите за да поседувате сопствена веб- отраница, е да регистрирате домен кој претставува глобална адреса за вашата страница, преку која посетителите низ светот ќе ве пронаоѓаат. Хостингот е дополнителна услуга и подразбира обезбедување простор (сервер) каде што ќе се смести веб- страницата со сите свои подстраници.

Изборот на домен, т.е. веб- адреса, е значаен момент во започнувањето онлајн- бизнис. Зависно од тоа каде се наоѓа вашиот целен пазар, пожелно е да изберете соодветна наставка, како и локација на серверот. Така, на пример, за да настапувате во Велика Британија .co.uk, во Европската унија .eu, или во Македонија .com.mk. Наставката .com е карактеристична за САД, но наедно е универзална за секаде низ светот. Откако ќе го регистрирате доменот, тој претставува ваша сопственост и е клучна капитална инвестиција за вашиот интернет- бизнис на долг рок. Наспроти тоа, хостингот можете да го смените кога ќе посакате, зависно од потребите.

Поради огромниот број на интернет-страници, изборот на соодветен назив за домен претставува вистински проблем, особено кога е во прашање наставката .com, бидејќи сите добри називи и сите адреси со шест или помалку букви, се веќе регистрирани. Сигурно ќе ве изненади фактот дека и адресата будала.com е веќе регистрирана. Кога ќе одбирате назив за домен, најважно е тоа лесно да се изговара и да се памети, а по можност и да алудира на содржината на веб- страницата.

Реалната цена за регистрација на .com домен е околу 10 долари годишно. Притоа, многу поважна од цената е сигурноста на доменот, поради можна кражба, и затоа треба да се одбере сигурен партнер за регистрација. Една од страниците на која може да се регистрира .com домен и од Македонија е goDeddy.com за цена од 9,19 долари. Притоа ви е потребна кредитна картичка или дебитна „виза електон- катричка" од која било домашна банка. За да извадите дебитна картичка не се потребни никакви услови, но доколку одлучите да ја користите, не заборавајте однапред да внесете определени средства за да може да се изврши трансакцијата.

За да регистрирате домен со com.mk наставка, потребно е да имате и фирма која ќе биде носител, а регистрацијата се врши преку македонскиот регистар на домени MarNet (dns.marnet.net.mk) за 10 евра годишно.

Откако ќе ја изработите првата верзија на веб-страницата, потребно е да обезбедите и хостинг, каде што и ќе ја сместите. На goDady.com, исто така, можете да купите и хостинг простор за 3,99 долари месечно за 5GB, што е сосема доволно за почеток. Понатаму, доколку имате потреба за повеќе простор, можете во секое време да го надградите или да го смените за друг хостинг провајдер. Доколку се одлучите за некој друг екстра евтин хостинг, освен големината на просторот, внимавајте и на Bandwidth (капацитет на проток), како и на поддршката на разните веб- формати (asp, php xhtml sql и сл.), во зависност од вашите потреби.

Доколку се уште немате идеја, почетник сте, или, пак, не сте сигурни дека ќе успеете да ја вратите скромната инвестиција, најдобро е, за почеток, да искористите некоја од понудите за бесплатен суб домаин хостин, како што се 50webs.com и atspace.com. На 50webs.com ќе добиете 60MB веб-простор, FTP пристап и можност за 30 подадреси. Она што е исто така битно кај овие два провајдера, е фактот што не емитуваат сопствени реклами на вашата страница, што не е случај со многу други бесплатни хостинзи. Негативно е тоа што постои можност да се качуваат фајлови не поголеми од 200KB и поддржуваат само хтмл формат. На 50webs.com исто така можете вашиот регистриран .com домен да го поврзете со бесплатниот хостинг, што ќе ви овозможи да заштедите на месечна претплата се додека не ви се јави потреба за вистински хостинг.

Сите оние кои за првпат се среќаваат со проблематиката изградба на веб-страници, најверојатно, поголемот дел од споменатите термини и не ги разбираат. Меѓутоа, тоа не треба да ги исплаши, туку напротив, траба повеќе да ги мотивира да седнат пред компјутер и подетално да се информираат. Одлична дестинација за запознавање со основните термини кои се употребуваат на Интернет, е Wikipeda.com.

**Следниот четврток**
**- Изработка на веб- страница**